ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-3005/3
10-04-2023

Врз основа на член 53 и член 56 точка 2 став 4 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, а согласно член 10 од Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од II (втора) емисија акции бр.02-2947/6 од 7.4.2023 година донесена од Собрание на акционери на Банката, Надзорниот одбор на Банката, на ден 10.4.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измена на Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од II (втора) емисија акции бр. 02-2947/6 од 7.4.2023 година

### Член 1

Во Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од II (втора) емисија акции бр.02-2947/6 од 7.4.2023 година донесена од Собрание на акционери на Банката, се вршат следните измени:

1. Се менува насловот на Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од II (втора) емисија акции бр.02-2947/6 од 7.4.2023 година донесена од Собрание на акционери на Банката и истиот гласи:

„Одлука за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од III (трета) емисија акции “.

2. Членот 1 од наведената одлука се менува и истиот гласи:

„Основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со ЕМБС 6121110 се зголемува со средства на Банката, преку распределба на дел од добивката на Банката за 2022 година и исплата на дивиденда во акции со издавање нова емисија на хартии од вредност по пат на приватна понуда, III (трета) емисија на обични акции.

Со оваа емисија се издаваат 57.698 обични акции.

Номиналната вредност по акција изнесува 1.000 денари.

Продажната цена по акција изнесува 1.000 денари.

Вкупната номинална вредност на оваа емисија на хартии од вредност е еднаква на вкупната продажна вредност и изнесува 57.698.000 денари.

Со оваа емисија, почетниот капитал (основната главнина) на Банката ќе се зголеми за 57.698.000 денари.

Вкупниот капитал на ТТК Банка АД Скопје по извршената III емисија на акции по пат на приватна понуда изнесува 965.586.000 денари и тоа 965.586 обични акции со номинална вредност од 1.000 денари.“

3. Во член 4, бројот „II “ се заменува со бројот „III“.

4. Во член 5 став 3, бројот „ 696.998“ се заменува со бројот „696.389 “.

**Член 2**

Сите останати одредби од Одлуката за зголемување на основната главнина на ТТК Банка АД Скопје со средства на Банката со издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда од II (втора) емисија акции бр.02-2947/6 од 7.4.2023 година донесена од Собрание на акционери на Банката останувaат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување.

**Надзорен Одбор на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседател:**

Бобан Гоговски ____________

Членови:

Борислав Трповски ____________

Драгица Јовановска ____________

Трим Ќемали ____________

Арсен Јаневски ____________

Владо Камбовски ____________

Златко Черепналкоски ____________